**ДП. бр.341**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ (подолу како ДК при КИРМ), постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр.09-46 од 11.01.2013 година на Министерот за правда, во присуство на обвинетиот извршител А.К., по одржан претрес на ден 15.02.2013 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

**I.**

**Се утврдува** дека не е сторена дисциплинска повреда по чл. 54-г став 1 алинеја 2 од ЗИ од страна на извршител А.К. именуван за подрачјето на Основен суд Велес, Основен суд Кавадарци, Основен суд Гевгелија и Основен суд Неготино со адреса на улица _____________ бр.___ Кавадарци, во врска со постапување по негов предмет И.бр.3623/10 и И.бр.3625/10
со тоа што
Извршителот по предмет И.бр.3623/10 го спроведувал извршувањето во значително поголем обем од оној кој е потребен за намирување на побарувањето на доверителот, од причина што за наплата на парично побарување во износ од ____,00 ден. на име дел од камата на процесни трошоци издал налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 154 од ЗИ) И.бр.3623/10 од 28.01.2011 година,
и со тоа што
Извршителот извршувањето по предмет И.бр.3625/10 го спроведувал во значително поголем обем од оној кој е потребен за намирување на побарувањето на доверителот, од причина што за долг на име камата на процесни трошоци во износ од _____,00 денари, издал Налог за извршување врз недвижност (врз основа на чл. 154 од Законот за извршување) И.бр.3625/10 од 26.09.2011 година, иако бил известен од страна на должникот дека должникот го платил долгот на име камата на процесни трошоци,

со што БИ постапил спротивно на член 4 и член 5 став 2 од Законот за извршување согласно кој извршителот е должен да води сметка за достоинството на личноста на странките, на учесниците и на нивните семејства, како и за тоа извршувањето да биде поповолно за должникот, со што БИ сторил дисциплинска повреда по член 54-г став 1 алинеја 2 од Законот за извршување “при спроведувањето на извршните дејствија не води сметка за тоа извршувањето да биде поповолно за должникот “

**II.**

**СЕ ОГЛАСУВА за виновен** Извршител А.К. именуван за подрачјето на Основен суд Велес, Основен суд Кавадарци, Основен суд Гевгелија и Основен суд Неготино за сторена дисциплинска повреда по член 54-д став 1 алинеја 2 од ЗИ и сторена дисциплинска повреда по член 54-д став 1 алинеја 5 од ЗИ

ЗАТОА ШТО извршителот примил поединечни барања за извршувања заведени под И.бр.3623/10 и И.бр.3627/10 против солидарните должници З.Н. и В.Ш. поднесени од

доверителот ТД _______ АД Гевгелија, за наплата на дел од камата на процесни трошоци и извршни трошоци. Извршителот ги прифатил барањата и спроведувал посебно извршување спрема двајцата должници со што постапил спротивно на член 207 од ЗИ
со кои дејствија извршителот сторил дисциплинска повреда “ при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон “

И ЗАТОА ШТО извршителот после седум месеци откако со Решение на Претседателот на Основниот суд Гевгелија ППНИ.бр.49/11 од 08.03.2011 година му бил ставен вон сила Налогот за извршување врз недвижности (врз основа на член 154 од Законот за извршување) И.бр.3623/10 од 28.01.2011 година, односно на ден 22.09.2011 година извршителот до Агенцијата за катастар на недвижности – Гевгелија доставил Заклучок за запирање на извршувањето и барање за бришење на прибелешката која е ставена врз основа на Налогот за извршување И.бр.3623/10 од 28.01.2011 година со кои дејствија извршителот сторил дисциплинска повреда “не постапува по одлуките на судовите, одлуките на државните органи и органите на Комората кои се однесуваат на отстранување на неправилности при извршувањето“

па со примена на правилата на кривична постапка за ублажување на казната на извршител А.К.

**му се изрекува** дисциплинска мерка

**ЈАВНА ОПОМЕНА**

Дисциплинската мерка јавна опомена се става на огласната табла во седиштето на Комората, 60 дена од денот на изрекувањето

*Образложение*

Предлогот за поведување  на дисциплинска постапка УПП.бр.09-46 е поднесен од страна на Министерот за правда против извршителот врз основа на извештај за спроведен вонреден надзор врз работата на извршителот бр.09-286 од 12.06.2012 година.

Предлогот се поднесува со наводи дека извршителот А.К., сторил дисциплински повреди  по чл. 54-г став 1 алинеја 2 од ЗИ: “ при спроведувањето на извршните дејствија не води сметка за тоа извршувањето да биде поповолно за должникот, “ и член 54-д став 1 алинеја 2 : “не постапува по одлуките на судовите, одлуките на државните органи и органите на Комората кои се однесуваат на отстранување на неправилности при извршувањето“ и член 54-д став 1 алинеја 5 од ЗИ : “ при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон “.

Предлагачот наведува дека извршителот примил поединечни барања за извршувања заведени под И.бр.3623/10 и И.бр.3627/10 против солидарните должници З.Н. и В.Ш. поднесени од доверителот ТД _______ АД Гевгелија, за наплата на дел од камата на процесни трошоци и

извршни трошоци. Извршителот ги прифатил барањата и спроведувал посебно извршување спрема двајцата должници со што постапил спротивно на член 207 од ЗИ.

Предлагачот смета дека извршителот по предмет И.бр.3623/10 го спроведувал извршувањето во значително поголем обем од оној кој е потребен за намирување на побарувањето бидејќи за наплата на парично побарување во износ од ___,00 денари, на име камата на процесни трошоци издал Налог за извршување врз недвижност по чл.154 со што постапил спротивно на член 5 став 2 од Законот за извршување согласно кој извршителот е должен да води сметка за достоинството на личноста на странките, на учесниците и на нивните семејства, како и за тоа извршувањето да биде поповолно за должникот.

Понатаму, во предлогот се наведува дека извршителот после 7 месеци откако со Решение на Претседателот на Основниот суд Гевгелија ППНИ бр.49/11 од 08.03.2011 година со кое му бил ставен налогот вон сила, извршителот на ден 22.09.2011 година доставил до АКН заклучок за запирање на извршувањето и барање за бришење на прибелешката.

Во предлогот се наведува и дека извршителот извршувањето по предмет И.бр.3625/10 го спроведувал во значително поголем обем од оној кој е потребен за намирување на долгот од причина што иако бил известен дека должникот го платил долгот- каматата на процесни трошоци, извршителот сепак издал Налог за извршување по чл. 154 од Законот за извршување.

Извршителот во своја одбрана во писмен одговор од ден 01.02.2013 година и на главен претрес, наведе дека примил две барања за извршување врз основа на иста извршна исправа а спрема двајца различни должници. Доверителот побарувал спрема секој од нив на име дел од неплатена камата за процесни трошоци. Извршителот наведува дека не се работи за солидарно побарување бидејќи доверителот извршил поделба на побарувањето. Понатаму, Извршителот со Налог по чл.154 ставил прибелешка само на ¼ од недвижноста на должникот. Извршителот во одговор појаснува дека спрема истиот должник З.Н. во евиденцијата на извршителот има заведено 11 предмети и вкупното побарување кое овој должник го должи е ________,00 денари.Извршителот се одлучил да го спроведе извршувањето спрема недвижноста на должникот од причина што лицето З.Н. не поседува средства на трансакционата сметка на должникот. Истиот како основач и управител на _________ ДООЕЛ Гевгелија согласно податоци од УЈП не примил плата од 01.01.2009 година. Извршителот побарал податоци и од ЦДХВ и добил информации дека должникот не поседува хартии од вредност. Извршителот истакна во одговор дека Налогот за извршување по чл.154 И.бр.3623/10 изготвен на ден 28.01.2011 бил повлечен од АКН со заклучок од 19.09.2011 година, а Налогот И.бр.3625/10 бил изготвен на 26.09.2011 година, а бил повлечен по

донесено решение на Претседателот на Основниот суд Гевгелија, Решение ППНИ.бр. 152/11 од 21.10.2011 година, а повлечен од страна на извршителот на ден 22.09.2011 година.

Извршителот истакна дека прибелешката останала во катастарот согласно чл. 155 од ЗИ каде е предвидено дека должникот може во рок од три дена да предложи извршувањето да се спроведе со друго средство а извршителот ќе го прифати предлогот ако должникот ова го стори веројатно но иако е прифатено друго средство прибелешката останува во сила. Извршителот појаснува во одговор дека должникот се обратил до канцеларијата со предлог да му го подмири долгот на доверителот со друго средство што извршителот го прифатил и на тој начин должникот го подмирувал побарувањето на доверителот на друг начин а налогот во меѓувреме останал во сила. Извршителот наведе дека иако должникот ја исплатил каматата како главно побарување сепак останал да должи на име извршни трошоци.
Извршителот истака дека подносителот на пријавата истата ја има повлечено со допис до Министерството за правда.

Дисциплинската комисија на КИРМ на претрес на ден 15.02.2013 година, ги дозволи и изведе следните докази:
Извештај за извршен надзор УПП.бр.09- 286 од 12.06.2012 година;
Барање за извршување И.бр.3627/10 од 14.12.2010 година;
Полномошно од властодавател ТД ________ АД Гевгелија;
Налог И.бр.3627/10 од 30.12.2010 година на извршител А.К. од Кавадарци;
Решение ППНИ.бр.52/11 од 26.01.2011 година на Основен суд Скопје 2 Скопје;
Решение ППНи.бр. 152/11 од 21.10.2011 година на Основен суд Гевгелија;
Решение ППНИ.бр.49/11 од 08.03.2011 година на Основен суд Гевгелија ;
Налог за извршување И.бр.3623/10 од 28.01.2011 година на извршител А.К. од Кавадарци;
Налог за извршување И.бр.3625/10 од 26.09.2011 година на извршител А.К. од Кавадарци;
Барање за извршување И.бр.3623/10 од 14.12.2010 година ;
Полномошно од властодавател ТД __________ АД Гевгелија ;
Решение Р.бр.330/08 од 06.01.2009 година на Основен суд Гевгелија;
Налог за извршување И.бр.3623/10 од 28.01.2011 година на извршител А.К. од Кавадарци;
Барање за извршување 3625/10 од 14.12.2010 година;
Пресуда П.бр.406/06 од 07.05.2009 година на Основен суд Гевгелија ;
Налог за извршување И.бр.3625/10 од 26.09.2011 година на извршител А.К. од Кавадарци;
Потврда за запишување на промена во катастар на недвижности бр.1117-15038/2011 од 13.12.2011 година на АКН;

Заклучок за запирање на извршување И.бр.3625/10 од 22.11.2011 година извршител А.К. од Кавадарци;
Барање до АКН на извршител А.К. од Кавадарци;
Повратница за достава на Заклучок за запирање на извршување И.бр.3625/10 и Барање за бришење на прибелешка до АКН од 05.12.2011 година ;
Заклучок за запирање И.бр.3623/10 од 19.09.2011 година на извршител А.К. од Кавадарци;
Барање за бришење на прибелешка на извршител А.К. од Кавадарци;
Повратница за достава на Заклучок за запирање на извршување И.бр.3623/10 и Барање за бришење на прибелешка до АКН од 22.09.2011 година ;
Допис за повлекување на иницијатива од З.Н. од ден 24.11.2011 година;
Одговор на барање бр.22-660/2 од даночно одделение Гевгелија УЈП од 22.12.2011 година ;
Известување бр.08-7504/2 од 27.12.2010 година од ЦДХВ ;
Достава на барани податоци бр.03-921/2 од 21.09.2011 година на агенција за вработување на РМ.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес на ден 15.02.2013 година, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одбраната на извршителот, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

Извршител А.К. од Кавадарци, вршејќи ја извршителската дејност, на ден 14.12.2010 година примил барање за извршување заведено под И.бр. 3623/10 поднесено од доверителот ТД ________ АД Гевгелија преку полномошник В.А., врз основа на извршна исправа Решение на Основен суд Гевгелија Р.бр.330/08 од 06.01.2009 година со кое се задолжуваат Д.А., Ш.В., М.М. и З.Н. сите од Гевгелија, солидарно да му ги надоместат ТДПП ________ АД Гевгелија износ од _______,00 денари на име трошоци на постапката. Барањето за извршување е поднесено против должникот З.Н. од Гевгелија во кое е наведено дека должникот солидарно со другите должници го има платено долгот на име трошоци на постапка, но дека должникот ја нема платено каматата на неговиот дел од главниот долг за период од 06.01.2009 година до 05.02.2010 година во износ од ___,00 денари. Во барањето за извршување се побаруваат и трошоци за состав на барањето во износ од ______,00 денари, за состав на полномошно износ од _____,00 денари, за состав на трошковник ____,00 денари, за правосилност и извршност 10% од главен долг, односно ___,00 денари.
На ден 28.01.2011 година извршителот издал Налог за извршување врз недвижност ( врз основа на член 154 од Законот за извршување) со кој се спроведува извршување врз зграда 1 намена на зграда 00513 кат ПР собност 003 која се наоѓа на ул. _________ бр.__ Гевгелија, со

површина од 73 м2 и право врз недвижност 832 запишана во Имотен лист бр.___ при Агенција за катастар на недвижности – Одделение за премер и катастар Гевгелија.

Со Решение на Претседателот на Основниот суд Гевгелија ППНИ.бр.49/11 од 08.03.2011 година усвоен е приговорот поднесен од должникот З.Н. од Гевгелија против Налогот за извршување И.бр.3623/10 на извршителот А.К. од Кавадарци и преземените дејствија. Со решението преземените дејствија со Налогот за извршување И.бр.3623/10 на извршителот А. К. од Кавадарци се ставени вон сила. На ден 16.09.2011 година во Имотниот лист бр.___ за КО Гевгелија од 16.09.2011 година евидира прибелешката по Налог за извршување врз недвижност И.бр. 3623/10 од 28.01.2011 година на извршителот А.К.

На ден 19.09.2011 година донел Заклучок за запирање на извршување со кој ја запрел постапката по предметот И.бр.3623/10, затоа што извршувањето против должникот ќе продолжело со други средства и воедно и се наложува на Агенцијата за катастар на недвижности Гевгелија да ја избише прибелешката на недвижноста што се води на име на должникот, а која е ставена врз основа на Налогот за извршување од 28.01.2011 година.

На ден 22.09.2011 година извршителот го доставил до Агенцијата за катастар– Гевгелија Заклучокот за запирање на извршувањето и барање за бришење на прибелешката која е ставена врз основа на Налогот за извршување И.бр.3623/10 од 28.01.2011 година.

Извршителот примил барање за извршување од доверителот ТД ________ АД Гевгелија преку полномошник адвокат В.А. врз основа на извршна исправа Решение на Основниот суд Гевгелија Р.бр.330/08 од 06.01.2009 година и спрема солидарниот должник В.Ш. од Гевгелија заведено под И.бр.3627/10 во кое доверителот, исто како и во барањето за извршување И.бр.3623/10 побарува дел од камата на процесни трошоци во износ од ___,00 денари и трошоци за состав на барањето за извршување во износ од ______,00 денари, за состав на полномошно износ од ______,00 денари, за состав на трошковник _______,00 денари, за правосилност и извршност 10% од главниот долг, односно ___,00 денари. Постапувајќи по барањето за извршување извршителот преземал извршни дејствија за спроведување на извршувањето.

На ден 14.12.2010 година извршителот примил барање за извршување заведено под И.бр.3625/10 поднесено од доверителот ТД _________ АД Гевгелија трошоците на парничната постапка во износ од _______,00 денари. Во барањето за извршување е наведено дека должникот го платил долгот по извршната исправа во износ од ________,00 денари на ден 19.11.2009 година, но дека должникот не платил камата на парничните трошоци сметано од 07.05.2009 година до 19.11.2009 година во износ од ________,00 денари. Во барањето за извршување се побаруваат и трошоци за состав на барањето за извршување во износ од _____,00 денари, за состав на полномошно износ од _________,00 денари, за состав на

трошковник ________,00 денари, за правосилност и извршност 10% од главниот долг, односно ____,00 денари.Извршителот поднел барање до Централниот депозитар за хартии од вредност на РМ, од каде добил известување на 27.12.2010 година дека лицето не е имател на хартии од вредност.

На ден 03.02.2011 година должникот уплатил на сметката на доверителот износ од ______,00 денари на име камата на процесни трошоци за што го известил доверителот на ден 04.02.2011 година.

Постапувајќи по барањето за извршување извршителот издал Налог за извршување врз недвижност ( врз основа на член 154 од Законот за извршување ) од 26.09.2011 година со кој се спроведува извршување врз недвижноста на должникот З.Н. означена како ¼ од КП бр. ______ зграда 1 намена на зграда 00513 кат ПР собност 003 кој се наоѓа на ул.________ бр.___ Гевгелија со површина од 73 м2 и право врз недвижноста 832 запишана во Имотен лист бр,___ при Агенцијата за катастар на недвижности – Одделение за премер и катастар Гевгелија, заради наплата на паричното побарување на доверителот и тоа за износ од _____,00 денари, на име трошоци на извршувањето, износ од ______,00 денари на име ДДВ на извршни трошоци , износ од _______,00 денари на име трошоци за состав на барање и полномошно за адвокат, износ од ______,00 денари на име камата на процесни трошоци сметано од 07.05.2009 година до 19.01.2009 година.

Со Решение на Претседателот на Основниот суд Гевгелија ППНИ бр.152/11 од 21.10.2011 година усвоен е приговорот поднесен од должникот З.Н. од Гевгелија против Налогот за извршување И.бр.3625/10 од 26.09.2011 година на извршителот А.К. од Кавадарци. Со цитираното решение преземените дејствија со Налогот за извршување И.бр. 3625/10 од 26.09.2011 година на извршителот А.К. од Кавадарци се ставени вон сила, со образложение дека на ден 03.02.2011 година должникот по предметот П.бр.406/06 на сметката на доверителот уплатил износ од _______,00 денари, за што на ден 04.02.2011 година го известил извршителот, понатаму дека извршителот го спроведувал во значително поголем обем извршувањето имајќи го предвид главниот долг и дека во побиваниот налог извршителот не го специфицирал правилно долгуваниот износ од ______,00 денари.

На ден 22.11.2011 година извршителот донел Заклучок за запирање на извршувањето со кој ја запрел постапката по предметот И.бр.3625/10, затоа што извршувањето против должникот ќе продолжело со други средства и воедно и се наложува на Агенцијата за катастар на недвижности – Гевгелија да ја избрише прибелешката на недвижноста што се води на име на должникот а која е ставена врз основа на Налогот за извршување од 26.09.2011 година.

На ден 05.12.2011 година извршителот го доставил до Агенцијата за катастар на недвижности-Гевгелија заклучокот за запирање на извршувањето и барање за бришење на прибелешката.

Дисциплинската комисија одлучувајќи по повод основаноста за делот од предлогот за дисциплинска постапка кој е со наводи дека извршителот го спроведувал извршувањето во значително поголем обем од оној кој е потребен за намирување на побарувањето, во предметите И.бр.3623/10 и И.бр.3625/10 односно дека не води сметка за тоа извршувањето да биде поповолно за должникот, утврди дека извршителот не ја сторил повредата која му се става на товар од причина што извршителот откако ја испитал економската состојба на должникот ја ставил прибелешката на недвижноста со која опфатил само ¼ на од предметната недвижност, а прибелешката останала во АКН од причина што извршителот го прифатил предлогот на должникот побарувањето да се намири со друго средство на извршување, во кој случај прибелешката останува во сила се до намирување на побарувањето, што е согласно со член 155 став 3 од ЗИ.

Дисциплинската комисија одлучувајќи по повод основаноста за делот од предлогот кој е со наводи за сторена дисциплинска повреда по член 54-д став 1 алинеја 2 од ЗИ и сторена дисциплинска повреда по член 54-д став 1 алинеја 5 од ЗИ, утврди дека извршителот со тоа што примил две поединечни барања заведени под И.бр.3623/10 и И.бр.3627/10 за извршувања за иста извршна исправа и завел два оддвоени предмети под против солидарните должници од еден извршен наслов, извршителот постапил спротивно на член 207 од Законот за извршување и ја сторил повредата која му се става на товар: “ при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон “ ,

а по однос на повредата што извршителот доставил заклучок за запирање на извршувањето и барање за бришење на прибелешка дури по истекот на седум месеци откако со Решение на претседателот на Основниот суд гевгелија ППНИ. бр.49/11 од 08.03.2011 година му бил ставен вон сила Налогот за извршување врз недвижности И.бр.3623/10 од 28.01.2011,односно на ден 22.09.2011 година извршителот доставил Заклучок за запирање на извршувањеро и барање за брпшење на прибелешката која е ставен врз основа на Налогот за извршување И.бр.3623/10 од 28.01.2011 година, со што ја сторил повредата која му се става на товар: “не постапува по одлуките на судовите, одлуките на државните органи и органите на Комората кои се однесуваат на отстранување на неправилности при извршувањето“.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се олеснителната околност дека нема штетни последици од постапувањето на извршителот и дека извршителот

не е предходно казнуван, а како отежнителни околности тежината на дисциплинската повреда па во склоп на истите ја одмери дисциплинската мерка . Дисциплинската комисија смета дека со ваквата дисциплинска мерка ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 15.02.2013 година, согласно чл. 59-в став 1 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10) одлучи како во изреката на ова решение.